Бр.-Nr. 0402-71/1
29.03.2021 год.viti
Скопје-Shkup

Врз основа на чл.77-а, став (1), алинеа 2 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015; 39/2016 и 11/2018). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, У. бр. 196/2007 од 16 јануари 2008 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2008, и чл.6 став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Рм под бр.27/14,199/14,27/16, 35/18), согласно Годишниот план за вработувања на Националната установа Драмски театар Скопје за 2021 година, и известувањето за обезбедени финансиски средства под бр. 18-2144/2 од 23.03.2021 г. издадена од Министерството за финансии на РСМ, НУ Драмски театар Скопје објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС бр.01/2021**

За пополнување на работно место со унапредување/распоредување

Националната установа Драмски театар Скопје, објавува Интерен оглас за пополнување на следното работно место:

1. **Друг раководен сценски работник (Шифра КУЛ 04 01 А02 007), во помошно-технички оддел за одржување на опрема (Помошно-технички сектор)- 1 Извршител.**

   -Потребно образование – четиригодишно или тригодишно средно економско или четиригодишно или тригодишно средно општо образование;

   -Не е потребно работно искуство;

   -Основната нето плата за огласеното место изнесува 23.683,00 ден.;

   На Интерниот оглас може да се јави вработен во НУ Драмски театар Скопје, кој ги исполнува општите и посебни услови за огласеното работно место, кои се пропишани за соодветното ниво во Законот за културата и актот за систематизација.

   Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови:

   -да е полнолетен

   -да има општа здравствена состојба,

   -со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија , дејност или должност.

Кандидатите кон пријавата треба да приложат:

-кратка биографија;

-доказ за завршено образование;

-доказ –уверение за општа здрвствена способност за работното место (не постаро од 6 месеци);

-доказ дека не му е извршена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност (не постаро од 6 месеци).

Заинтересираните кандидати поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата , преку архивата на НУ Драмски театар Скопје, или на адреса ул.„Шекспирова“ бр. 15, 1000 Скопје, или на службената електронска адреса info@dramskiteatar.com.mk, со назнака „За интерен оглас бр.1/2021“.

Ненавремените, неуредни и нецелосни пријави со сите потребни докази, нема да бидат предмет на разгледување. Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува во понатамошната постапка.

Рокот за доставување на Пријавите изнесува 15 (петнаесет) дена , сметано од денот на објавување на огласот.

29.03.2021 г., Скопје

Вд.Директор на НУ ДТС

Катарина Коцевска- ХаџиВасилева